ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 04.05.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски , Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски Советник Александар Ангелов, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :
- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

### ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

За Проектот Бојанов Дол е објавен тендер За проектот за водоснабдување на Висока Зона Лев Брег да се следи објавата за јавна набавка. Известување дека проектот за водоснабдување во с. Луке е предаден, а во врска со Азбестно Цементни Цевки се изготвува Геодетски Елаборат Никола Граматиков 4.5.2015

Известување за изградба на стени од страна на ангажираните работници.

На патот накај манастирот да се измести банерата .

Да се нарачаат пропусти и патот да се насипе а исто така да се оспособи Рускиот пат како алтернативен пат за користење. Никола Граматиков 4.5.2015

За караулите да се даде мислење по колку стана може да се определат во објектите на караулите според квадратурата со предлог да се преземат од ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор и да се изготви од нивна страна проект за адаптација. Александар Ангелов 4.5.2015

Да се разгледа Барањето за свлечишта во с. Жидилово каде се бара помош во материјал . Никола Граматиков 4.5.2015

Кај МАј МАркет да се санираат решетките за атмосферска канализација Никола Граматиков и Томе Тодоровски 4.5.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

За повеќенаменското игралиште во с. Конопница да се изготви геодетски елаборат и елаборат за заштита на животната средина за издавање на одобрение Добривој Николовски 4.5.2015

Дадено известување за состојбата на подготвувањето на УП за ЦЕнтар, Касарна, Кланица, Житен Магацин, Нимулија и Црквена Мааала, потоа за локацијата кај Мандрата и кај Ловечката куќичка. Добривој Николовски 4.5.2015

За општите акти да се направи увид на лице место. Добривој Николовски 4.5.2015

Да се определат точни локации за поставување на мостови – н. Единство пред долот, кај Тениското игралиште и кај Мезовски Ливади 4.5.2015

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

За седница на Советот на Општина Крива Паланка да се подготви точка по иницијативата за именување на улица од страна на француската амбасада. Биљана Тасевска 4.5.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

Да се подготви програма за планот за управување со отпад 4.5.2015 година

Пренесено од претходниот колегиум

Од страна на одделението за инспекциски надзор да се изврши увид кај Фудбалското игралиште кај бензинската станица. Бранко Велиновски 14.4.2015

До градоначалникот да седаваат известувања за извршување на работата на ангажираните работници. Бранко Велиновски 14.4.2015

Да се забрза постапката и да се даде известување за следните точки:

До наредниот колегиум да се даде известување во врска со начинот и постапката за користење на песокот од речното корито, компаративно да се контактира со општина Ранковци. Бранко Велиновски. 30.03.2015

Да се забрза изготвувањето на Планот за заштита од поплави Бранко Велиновски 30.3.2015

Од страна на градежниот инспектор да се изврши увид во кругот на поранешната фабрика Карпош за објект позади Фабриката за производство на наполитанки Коста Пеевски 30.3.2015 година

**Одделение за финансиски прашања**

Во врска со доделениот камион од страна на Агенцијата за управување со одземен имот да се направи одлука за прием на донација за наредната седница на Советот на Општината . Татјна Ѓеоргиевска

За наредниот колегиум до градоначалникот да се достави предлог за организација на продажбата на градежното земјиште, споредбена пракса со други општини Татјана Ѓеоргиевска. Да се утврдат парцелите кои можат да се продаваат, по потреба да се преземат соодветни активности за средување на парцелите и да се информира Градоначалникот за почетната цена за продажба на парцелите

Пренесено од претходниот колегиум

До градоначалникот да се достави листа за ажурирање на Данокот на имот. Од одделението за урбанизам да се обезбеди листата од регистарот на поднесени барања за легализација. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум

Во врска со наплата на Данок на имот и комунална такса да се изврши прочистување на должниците и да се даде известување околку наплатата на Данокот на имот и комуналната такса. Да се преземат активности за ажурирање на Данокот на имот. Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум.

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Во врска со грантот од 2.7 милиони денари да се определи проект кој ќе се реализира. Душко Арсовски, Никола Граматиков и Добривој Николовски 4.5.2015

Да се види за искористување на средствата доделени од Бирото за Градец. Душко Арсовски 4.5.2015 година

За Џип релито да се види за подготвување на постерот како и да се определи котизација на учесниците Душко Арсовски 4.5.2015

Да се изврши распределба на компјутерите во општината Душко Арсовски4.5.2015

Во врска со Златно Славејче да се контактира со Директорите Душко Арсовски 4.5.2015

Да се контактира со збратимениот град Дупница во врска со проектот за мини голф Душко Арсовски 4.5.2015

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Во врска со уредување на просторот на речното корито под паркот да се постави водоскок и водена завеса од мостот, како и да се регулира канализацијата и поставување на јавен тоалет. Томе Тодоровски 4.5.2015

Известување за подигнување на камионот од Агенцијата за управување со одземен имот. Томе Тодоровски 4.5.2015

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски
Крива Паланка 4.5.2015 година